превземено од www.pravo.org.mk

# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.31 од 22.02.2016 година**

**Член 1**

Во Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" број 199/14, 44/15 и 193/15), членот 17 се брише.

**Член 2**

Во членот 18 став (3) во втората реченица зборовите: „министерот кој раководи со" се бришат.
Во ставот (7) зборовите: „претседателот на" се бришат.

**Член 3**

Во членот 19 став (8) по зборовите: „потврдата од ставот (2) на овој член" се додаваат зборовите: „и барањето од ставот (3) на овој член".

**Член 4**

Во членот 35 став (3) точката на крајот од ставот се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „како и имињата на улиците кои се во рамки на опфатот на планот."

**Член 5**

Во членот 45 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:
„(3) По исклучок од ставот (2) на овој член пристап на електронскиот регистар на одобрени урбанистичко-плански документации од ставот (1) на овој член може да имаат и органи на државната управа, агенции и други правни лица основани од Република Македонија, врз основа на поднесено барање."

**Член 6**

Во членот 47 став (11) зборовите: „министерот кој раководи со" се бришат.

**Член 7**

Во членот 51 став (7) зборовите: „министерот кој раководи со" се бришат.

**Член 8**

Во членот 62 став (3) точка 5) во алинејата 5 точката и запирката се заменуваат со точка.
Алинејата 6 се брише.

**Член 9**

Во членот 93 став (2) во алинејата 5 зборовите: „до министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот" се бришат.
Во алинејата 6 зборовите: „министерот кој раководи со" се бришат.
Во алинејата 8 зборовите: „одговорното и" се бришат, а зборот „постапиле" се заменува со зборот „постапило".

**Член 10**

Во членот 105 став (2) зборовите: „и на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на просторното планирање" се бришат.

**Член 11**

Во членот 112 став (1) зборовите: „министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот" се заменуваат со зборовите: „службеното лице-административен службеник одговорно за одобрување на државната урбанистичко-планска документација".
Во ставот (2) зборовите: „министерот кој раководи со органот на државна управа" се бришат.

**Член 12**

Во членот 113 став (2) зборовите: „и на министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот" се бришат.

**Член 13**

Започнатите постапки до денот на започнување на примена на овој закон, ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 14**

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 15**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 16**

Одредбите на членовите 1, 2, 3, 6, 7, 9, 10, 11 и 12 од овој закон ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка, согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).

**Член 17**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија."